**Општина Конче**

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Конче во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата во 2026 година

Декември , 2025 година

Врз основа на член 142 став 5 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/2019; 146/2019; 275/2019; 89/2020; 302/2020; 311/2020; 163/2021; 294/2021; 99/2022; 236/2022; 273/2022; 65/2023;192/25), член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), и член 11 став 1 точка 11 од Статутот на општина Конче, Советот на Општина Конче на седницата одржана на 16.12.2025 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на општина Конче во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2026 година**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа.

Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националната програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа, Законот за семејството, и Социјланиот план на општина Конче 2025-2027 година, се акти, врз основа на кои се уредува социјалниот заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита.

**Основни цели на Програмата**

Програма за социјална заштита има за цел обезбедување активен однос на Општина Конче кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштитата на децата,поедини категории граѓани и семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, како и:
- Создавање поквалитетни услови за децата од предучилишна возраст за престој во детска градинка;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Осовременување на училишните установи и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.
- Ангажирање на образовани и лични асистенти во основното образование за потребите на деца посебни со согласно законот за основно образование.
- Создавање услови за отворање на дневни центри за стари изнемоштени и лица самци, поповолен социјален живот за овие лица, сервис за дотур на храна и лекови и грижа на стари изнемоштени лица;
- Создавање услови за континуирана работа на народна кујна;
- Помош за семејства погодени од несреќи и елементарни непогоди;
- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на лица- жртви на семејно насилство;
- Промовирање на родовата рамноправност.

**Социјални ризици**

Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:
- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење ( старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

## 2.МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Конче, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на следните категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2026 година:

- лица со инвалидност,
- деца без родители и родителска грижа,
- деца со воспитно социјални проблеми,
- деца од еднородителски семејства,
- стари лица без семејна грижа,
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и  алкохол,
- тешко болни лица и приматели на терапија,
- лица погодени од елементарни непогоди,пожари и друго.

**Б.**Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население во соработка со општинската Организаицја на Црвен крст Радовиш.

**В.** Воведување на финасиска подршка еднократна помош за родители при раѓање на новоороденче/прво второ, трето и секое наредно родено дете. За родители кои се жители  на општина Конче.

**Г.**Вклучување на родовата перспектива во програмата

**Д.**Работа на канцеларија за социјални работи во Конче за потребите на граѓаните на општина Конче.

**Ѓ.**  Работа на народна кујна за потребите на корисниците на социјални мерки преку Центарот за социјална работа Радовиш и Општина Конче.

**Е.** Програма за подршка на стари и изнемоштени лица воведена во 2019 г и континуирано подржана од општина Конче, МСПДМ  и странски донатори**.**

**Ж.** Воведување на дигитализација во социјалните услуги и отварање на психо-социјално советувалиште за жртви на семејно насилство од општина Конче во соработка со општина Радовиш.

**Ѕ**. Еднократна помош за склучување на бракови  на лица момче/девојка постари од 35 години од општина Конче ;
Еднократна помош за склучување на бракови  на лица момче/девојка на возраст до 35 години од општина Конче

**И**. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност кај младите.

**3.ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**Социјални мерки и услуги во општина Конче**

**3.1.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош,а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2026 година.

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција, за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето,а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за финансии и буџет и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Конче или пак само по разгледување на барањата од страна на Градоначалникот на општината , секое барање ќе се разгледува поединечно и средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на граѓанинот.

**3.2 Носител на мерките**

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на Општина Конче за 2026 година, ќе се спроведува од страна на Општина Конче преку надлежните сектори и одделенија.

**3.3.Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2026 година и се предвидени во потпрограмите.

**Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население во соработка со општинската Организација на Црвен крст Радовиш.**

Целта на оваа активност е преку организарање на акција за собирање на облека и друга опрема и во соработка со Општинската организација на Црвен Крст Радовиш да им се помогне на социјално загрозени лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Конче, ќе бидат вклучени и јавните установи, невладини организации и здруженија.

**В. Воведување на финасиска подршка еднократна помош за родители при раѓање на новоороденче/прво,второ, трето дете и секое наредно родено дете за родители кои се жители на општина Конче.**

Општина Конче врз основа на првичните резултатит од пописот организан во 2021 година и слењето на процесот на миграцијата , иселувањето и морталитетот на насленеито во однос на наталитетот со цел да придонесе како локална самоуправа за подобрување на сосотјбите со рагањето на деца  воводе од 2022 година финасиска подршка еднократна помош за родители од општина Конче  при раѓање на новороденче/прво второ, трето дете и секое наредно родено дете   за родители кои се жители на општина Конче а детето да биде родено во РС Македонија, средствата ќе се исплаќаат по поднесено барање од страна на родител мајка , татко и доставени потребни докумнти. Плнирана се еднократна помош во висина од 20.000 денари за прво дете, 40.000 денари за второ дете и 60.000 денари за трето дете и секое наредно родено дете.

**Г. Вклучување на родовата перспектива во програмата**

Општина Конче е обврзана согласно Законот еднаквите можности на жените и мажите да го почитуваат принципот на еднакви можности на жените и мажите и да усвојува мерки и да преземаат активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за мажите и жените во програмата се вклучени и првеземени следниве активности:

- Воведени се програмски мерки од годишниот план за еднакви можности на жените и мажите во општина Конче за 2026 година во областите на социјалната заштита. Преземени се конкретни позитивни мерки во програмата за социјална заштита за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности кои ќе бидат оправдани и засновани на анализи за вклченоста на жените и мажите во делот на социјалната заштита.
- Општина Конче во програмата за социјална заштита ќе прибара податоци за вкупниот број ангажирани лица, за половата структура на корисниците на програмата, за образовната структура и за состојбата со распоредувањето на мажите и жените во превземени програмски активности. Добиените податоци од ваквата анализа на степенот на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите во програмата ќе бидат показатели за родова слика во дистрибуцијата на ресурсите од програмата, распределба на ангажираните/вработените  лица жени и мажи на работни места при спроведување на програмата на општина Конче.

**Д.Работа на канцеларија за социјални работи во Конче за потребите на граѓаните на општина Конче.**

Општина Конче во соработка со Мегуопштинскиот Центар за социјлна работа Радовиш со цел за доближување на социјните услуги до граѓаните на општина Конче во 2020 година отвори и опреми канцеларија за социјални прашања во општинската зграда на општина Конче во Конче но истата не е активна.

**Ѓ. Работа на народна кујна за потребите на корисниците на социјални мерки преку Центарот за социјална работа Радовиш и Општина Конче.**

Во општина Конче во рамките на мерките за социјална заштита на населениeто успешно функционира и проектот за Народна кујна со кој стопанисува ЈПКД Лакавица Конче.

Народната кујна во која има вработено две лица,поседува сопствено возило за достава на оброците до корисниците секојдневно доставува од понеделник до петок 50 топли оброка на корисници со решение од Министерството социјлна политика демографија и млади  и 25 топли оброка кој ги финансира општина Конче со одлука на Советот  на општината.

**Е.Програма за подршка на стари и изнемоштени лица воведена во 2019 г и континуирано подржана од општина Конче, МСПДМ и странски донатори.**

Од септевмри 2019 годинаво рамките на Програмта за општинско-корисна работа започна да се реализра проект за општинско коирсна работа подршка и помош на стари лица од наелените места во општина Конче. Во 2026 година ќе бидат ангажирани 13 лица негователи за стари и изнемоштени лица за работа на терен однос посета по домови на старите лица каде два пати неделно ги посетуваат и пружат услуги на превентивна здравствена заштита, психосоцијална подршка, подршка за набавка на намирници и социјлни активности дружење. Во програмта се вклчени вкупно 350 стари лица од сите наслени места во општината за период од 18 месеци преку ангажирање на невработени лица од 40 часа работен ангажман неделно. Овој проект покажа добри резултати во отсуство на други социјлни сервиси и пожелно и потребно е општината да продолжи да го имплементира во соработка со АВРМ.

**Ж.Воведување на дигитализација во социјалните услуги и отварање на психо-социјално советувалиште за жртви на семејно насилство од општина Конче во соработка со општина Радовиш.**

Овој проект општина Конче започна да го имплеметира во месец октомври 2021 година во соработка со УНДП. Воведена е дигитализација на општинските услуги мегу кои и социјалните услуги кои ги нуди општината за граѓаните. Корисниците ќе можат до општината да доставуваат свои барања и други докумнети по дигитален пат без да треба да доаѓаат во општинана.Во рамките на проект отворен е Центар за психосоцијлно советувалите за жртви на семејно насилство во Радовиш. Оваа советувалиште е планирано да работи со ангажирано вработено лице психолог. Намената на советувалиштето ќе биде прифаќање на лица жртви на семејно насилство од општините Конче и Радовиш за период од 24 часа до превземање на жртвите на семејно насилство од соодветни институции ЦСР, Полиција, и други органи.

**Ѕ. Еднократна помош за склучување на бракови на лица момче/девојка постари од 35 години од општина Конче и еднократна помош за склучување на бракови на лица момче/девојка на возраст до 35 години.**

Со цел поддршка на лица од општина Конче кои од било кои причини не стапиле во брак до 35 години а веќе имаат и потреба од финансиска поддршка за ваков чекор, општина Конче ги стимулира заради зголемување на бројот на бракови на територијата на општината од 2022 година воведе финансиска подршка, еднократна помош за склчување на бракови на лица момче/девојка со наполнети 35 или повеќе години возраст со постојано место на живеење (физичко присуство) минимум 1 (една) година во општина Конче. Средства се планирани во висина од 120.000 денари по склучен брак.

Општина Конче во 2026 година воведува финансиска подршка, еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети до 35 години возраст во висина од 30.000 денари со постојано место на живеење (физичко присуство) минимум 1 (една) година во општина Конче.

**И. Организирање на трибини за едукација за рано откривање на болести ,редовни здравствени проегледи и едукација против зависности и превенција од болестите на зависност.**

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање на болести особено кај жените , потреба од редовни здравствени прегледи, рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат droги, други психотропни супстанции, и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Радовиш, со училиштата, здраствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани Организација на жени-Конче како и други правни и физички лица.

## 4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за потребите на граѓаните од областа на социјална заштита во општина Конче за 2026 година, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Конче за 2026 година.
Лицата имаат право да поднесат Барање до општината за финансиска помош еднаш во годината , и притоа предност и приоритет имаат лицата кои се со место на живеење во Општина Конче.
Вкупно обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Конче –**7.204.000** денари .
Овие финансиски средства ќе се користат за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови .

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Градоначалникот и Советот на општина Конче, секое барање поединечно и средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на граѓанинот.
Програмата за социјална заштита за 2026 година ќе се реализира со следната динамика, потребните средства и начинот на обезбедување на истата.

## 4.1 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Р.б | Активност | Полова структура на корисници | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Помош за стари и изнемоштени лица- посета од негователи за стари лица-кофинансирање на проект - 2.184.000 денари и набавка на медицински и друг материјал-100.000 денари | жени-мажи | 2.284.000 |
| 2. | Помош на социјално загрозените семејства и лица изложени на социјален ризик (од 5000-20.000 денари) | женски/машки | 50.000 |
| 3. | Лица со посебни потреби (телесна попреченост Деца со посебни потреби ) (10.000 денари за лице) | женски/машки | 70.000 |
| 4. | Помош на лица погодени од елементарни непогоди(од 5000-30.000 денари) | женски/машки | 100.000 |
| 5. | Помош на деца од еднородителски семејства (5000 денари за едно семејство) | женски/машки | 50.000 |
| 6. | Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население | женски/машки | 20.000 |
| 7. | Организирање на здравствени прегледи за рано откривање на болести на населението | женски/машки | 30.000 |
| 8. | Еднократна помош за секое новородено дете во РС Македонија<br>-Прво дете - 20.000 денари.<br>-Второ дете - 40.000 денари.<br>-Трето дете - 60.000 денари и секое наредно родено дете | Женски/машки | 600.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 9. | Вршење превоз на храна за народна кујна | женски/машки | 150.000 |
| 10. | Помош на лица со здравствени проблеми (од 5000-30.000 денари) | женски/машки | 1.500.000 |
| 11 | Помош на лица со здравствени проблеми за лекување во странство (50.000 до 100.000) | женски/машки | 200.000 |
| 12 | Топол оброк за корисници од општина Конче | Женски/машки | 600.000 |
| 13 | Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци | Женски/машки организации здруженија | 30.000 |
| 14 | Социјални пакети за празници ( 2000 денари за еден пакет) | женски/машки | 120.000 |
| 15 | Еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети до 35 години возраст во висина од 30.000 денари | Женски /машки | 500.000 |
| 16 | Еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст висина од 120.000 денари | Женски /машки | 600.000 |
| 17 | Помош за погребални трошоци поради смрт на социјално загрозени лица (од 5000-30.000 денари) | Женски /машки | 100.000 |
| 18 | Опремување со инвентар Народна кујна во Конче | | 200.000 |
| | **ВКУПНО** | | **7.204.000** денари |

**5. Други форми на активности**

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Конче се:
- обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;
- организирање протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Конче.

**6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Сите мерки, активности и интервенции предвидени во оваа Програма се реализираат согласно Законот за социјална заштита, Законот за локална самоуправа, релевантните подзаконски акти и важечките национални стратешки документи во областа на социјалната политика.
Градоначалникот на општина Конче го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Конче”.

Број 08-2444/4
Дата 16.12.2025
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Бранкица Вчкова,